Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-289/1
04-03-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-808/1 од 14.11.2023 година поднесена од [redacted] од Делчево, со адреса на живеење на [redacted] во Делчево, против СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, претставувано од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работата и работните односи, сторена од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, претставувано од [redacted], кон лицето [redacted] од Делчево, вработена во училиштето.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-808/1 од 14.11.2023 година, од [redacted] од Делчево, со адреса на живеење на [redacted] во Делчево, за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, претставувано од [redacted]

Во претставката подносителката наведува дека е вработена како наставник по француски јазик во СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, со Решение за работа на неопределено работно време бр. 04-115 од 08.06.2012 година. На ден 31.08.2023 година подносителката добила нов Договор за вработување бр. 02-571/38 со кој и бил намален бројот на работни часови на 4 часа неделно, односно на само 2 наставни часа по француски јазик во текот на неделата. Посочува дека дискриминација со години наназад се вршела врз неа од причина што фондот на часови за неа секоја година се намалувал за да оваа година остане со само 4 работни часа неделно, додека нејзините колеги имале над 40 работни часа во текот на неделата. Потврдува дека бројот на ученици од година во година се намалува, но нивниот број се намалувал за сите нејзини колеги исто така, но ниту еден од нив не бил оштетен со ниту еден наставен час. Посочи дека има потреба од одговор на неколку отворени прашања и тоа:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Како менаџментот на училиштето утврдил дека 3 часа кои таа ги имала за водење на е - дневник не и следуваат неа туку и биле потребни на нејзина колешка за да и го дополнат фондот на часови до полн фонд;
- Во учебната 2023/2024 година, во прва година средно образование, се направила комбинација каде општествено – хуманистичка струка од 20 ученици се комбинирала во 2 класа со цел овозможување на часови за нејзините колеги за кои било факт дека ќе останеле со намален фонд на часови, но не како неа;
- Што било пресудно менаџментот на училиштето да додели проектни активности, содржини програмирани од училиштето и класни раководства на нејзини колеги кои биле вработени после подносителката на претставката со тоа што тие би имале плата од 40.000,00 денари за разлика од неа која има месечни примања во износ од 3.500,00 денари;
- Дали во последните 10 години барем во текот на една учебна година имало колега – наставник на неопределено време кој имал помалку наставни часови и плата од подносителката [redacted]

Покрај сето наведено посочува дека е со соодветен степен на образование, мајка е на 3 (три) деца и има невработен член во најтесното семејство.

Со оглед на наведеното, Комисијата на ден 20.11.2023 година со Барање број 08-808/2 се обрати до СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, за произнесување по наводите во претставката, а на 22.12.2023 година до Комисијата пристигна произнесувањето бр. 03-803/2 од 06.12.2023 година, од СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, претставувано од [redacted]

Во Одговорот по наводте во претставката е истакнато дека одржувањето на интегрираната база на податоци, веб страната на училиштето и други обврски поврзани со компјутерската работа во училиштето во учебната 2023/2024 година не и е доделено во работни задачи на подносителката на претставката бидејќи таа не ги извршувала своите работни обврски за што имала писмено предупредување заведено под број 02-142/1 од 23.02.2023 година.. Согласно Упатство за начин на определување на број на ученици во група од страна на Министерство за образование и наука, јасно било наведено дека паралеката не се дели на групи за реализација на практична настава и вежби ако истата брои помалку од 17 ученици. Понатаму, согласно член 28 од Закон за средно образование, бројот на ученици во паралелките во јавни училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици. Паралелка може да се формира и со помал број ученици по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерство за образование и наука. Формирањето на паралелките е во согласност со позитивното мислење и согласноста број 13-7423/2 на министерството за учебна 2023/2024 година.

За учебната 2023/2024 година по анкета спроведена од страна на стручните служби, ниту еден ученик не избрал проектна активност француски јазик. Во интерес на наставниците кои немаат часови, во овој случај наставниците по француски јазик, директорот на училиштето одлучил 2 проектни активности да се доделат по француски јазик.

Согласно член 21 од Зкаон за наставници и стручни соработници, при промени во обемот на работата во јавното училиште, работниот однос на наставникот се променува од работен однос на неопределено време со полно работно време во работен однос на неопределено време пократко од полното работно време и обратно. Согласно ова секоја учебна година, зависно од бројот на часови, работното време се менува на сите наставници, а не само на подносителката [redacted]
На крајот се наведува дека поради промени во организацијата на работа (пензионирање на работник) се ослободиле часови по француски јазик, проектни активности и содржини програмирани од училиштето па од таа причина на 14.11.2023 година донесено е Решение бр. 02-776/1 со кое работното време на наставник [redacted] се зголемило од 4 на 24 работни часа односно од 2 на 12 наставни часа. За ова именуваната склучила нов договор за вработување број 04-777/1 од 14.11.2023 година.
Следствено се наведува во одговорот дека подносителката не била дискриминирана односно дадени и биле максимумот број на часови.

На 12.01.2024 година Комисијата се обрати со Барање бр. 08-65/1 до Министерство за образование и наука, со цел добивање на произнесување по предметното прашање, од каде на 01.02.2024 година пристигна одговор во Комисијата заведен под број 08-623 од 16.01.2024 година. Во одговорот се наведува дека согласно Одлуката за пренесување на основачките права и обврски над постојните државни средни училишта, на општините и на градот Скопје и пренесување на право на сопственост на објекти, основачките права и обврски над постојните државни средни училишта се пренесуваат на општините и градот Скопје. Според наведеното. Државното средно училиште "Методи Митевски Брицо" Делчево продолжува со работа како општинско средно училиште под надлежност на Општина Делчево. Исто така согласно член 92 од Закон за средно образование "*Директорот на јавно училиште, односно органот на раководење на приватното средно училиште ја организира и раководи воспитно – образовната и друга работа, самостојно донесува одлуки, го застапува училиштето пред трети лица и е одговорен за законитоста на работата на училиштето.*" Понатаму се наведува дека согласно член 21 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, при промени во обемот на работа во јавното училиште, работниот однос на наставникот се променува од работен однос на неопределено време со полно работно време во работен однос на неопределено време пократко од полното работно време и обратно. На крај се наведува дека Министерството за образование и наука нема надлежност во процесот на избор на наставници и во рспределбата на часовите на наставниците во средните училишта.

На 12.01.2024 година Комисијата со Барање број 08-65/2 до Државен просветен инспекторат, заради потреба од произнесување со цел добивање на произнсување по предметното прашање на претставката. На 14.02.2024 година во Комисијата пристигна Одговор од Државниот просветен инспекторат заведен под нивни број ИП1 09-15 од

18.10.2023 година. Во одговорт се наведува дека од страна на државен просветен инспектор е извршен вонреден надзор по однос на прашањата на кои се однесува претставката на подносителката [redacted] и во истиот се наведува дека поради намален фонд на наставни часови по француски јазик, директорот на СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево донел решение за прераспределба на часови на именуваната [redacted] Воедно именуваната претходната учебна година од страна на директорот на училиштето добила часови за одржување на интегрирана база на податоци но поради ненавремено ажурирање на веб страната на училиштето издадено и било писмено предупредување, по што на именуваната оваа учебна година не и биле доделени часови поврзани со водењето на базата на податоци. Воедно бидејќи подносителката се повикувала на член 68 од Колективниот договор за што е надлежна друга институција, државниот просветен инспектор го известил Државниот инспекторат за труд – Делчево, заради потребата од негово соодветно постапување.

На 26.02.2024 година подносителката се обрати до Комисија за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат со Известување во кое извести дека во меѓувреме, односно по поднесувањето на претставката за заштита од дискриминација, дошло до промена во фактичката состојба од причина што во месец ноември 2023 година потпишала нов договор за вработување со кој нејзиниот фонд на часови се зголемил од 2 на 12 часа, односно се зголемил бројот на работни часови од 4 на 24. Но и покрај ова подносителката истакна дека и понатаму е незадоволна од бројот на работни и наставни часови бидејќи била сигурна дека од месец септември 2024 година повторно ќе биде на ¼ работно време. Посочи дека е единствен случај во градот од над 200 наставници со решение на неопределено време чија голгота трае од 2013 година а како резултат на дискреционо право на директор на училиштето каде е вработена.

Согласно сето изнесено, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: подносителката на претставката [redacted] од Делчево е вработена во СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево како наставник по француски јазик на неопределно време со неполн фонд на часови. Во училиштето е вработена од 08.06.2012 година. На 31.08.2023 година на именуваната и е дадено Решение за изведување настава по француски јазик во учебната 2023/2024 година со вкупно 2 наставни часа поради промени во обемот на работа во јавното училиште. По ова на 14.11.2023 година од страна на училиштето, а по основ на промени во организацијата на работа, донесено е Решение број 02-776/1 со кое работното време на подносителката се менува од 4 на 24 работни часа, односно и се доделуваат наместо 2, сега 12 наставни часа. Оваа промена на фактичката состојба подносителката ја соопшти на 26.02.2024 година, а претставката за заштита од дискриминација е заведена на 14.11.2023 година. Во известувањето наведе дека и покрај ваквата промена останува при наводите во истата.

Врз основа на горното, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е сторена директна дискриминација врз подносителката [redacted] од Делчево од страна на СОУ "Методи Митевски Брицо" од Делчево, претставувано од [redacted], врз основа на образование во областа на работата и работните односи, а онака како е дефинирана во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."* , Согласно ова, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење

Скопје,
04.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД